# ГРУПАЦИЈА МАКПРОМЕТ АД-ШТИП

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2017 ГОДИНА

**Прилеп, јуни 2018**

**СОДРЖИНА** **Страна**

Извештај на независниот ревизор 1-3

Финансиски извештаи

Извештај за сеопфатна добивка

Извештај за финансиската состојба

Извештај за паричните текови

Извештај за промените во главнината

Белешки кон финансиските извештаи

**Додатоци**

Додаток 1-Законски обврски за составување на Консолидирана годишна сметка и Годишен извештај за работење

Додаток 2- Консолидирана Годишна сметка (Консолидиран Извештај за финансиска состојба, Консолидиран Извештај за сеопфатна добивка)

Додаток 3-Годишен извештај за работење

**Друштво за ревизија**
**ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА**
**ДОО Прилеп**

ул. „Драган Димески“ бр. 19
7500 Прилеп
Република Македонија
П. фах: 256
телефон./факс: ++389(0)48 413-856
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.m

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО**
**АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**МАКПРОМЕТ АД Штип**

## Извештај за консолидираните финансиски извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на ГРУПАЦИЈАТА МАКПРОМЕТ АД Штип кои ги вклучуваат: Консолидираниот извештај за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2017 година, како и Консолидираниот извештај за сеопфатна добивка, Консолидираниот извештај за промени во главнината и Консолидираниот извештај за паричните текови за годината која завршува тогаш и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на менаџментот за консолидираните финансиски извештаи*

Менаџментот на Друштвото е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените политики прифатени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на консолидираните финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие консолидирани финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр.79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденување на финансиските извештаи.Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјалното погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не и за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Според нашето мислење финансиските извештаи објективно ја презентираат од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ГРУПАЦИЈАТА МАКПРОМЕТ АД –Штип на 31 декември 2017 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

**Нагласок врз прашање**

Како што е објавено во Белешката 1 кон придружните финансиски извештаи, Собранието на акционери на Макпромет АД Штип на 28.07.2017 година донесе Одлука за статусна промена и започна постапка за присоединување на Друштвото за проектирање, производство и монтажа на опрема и инсталации, Макмонтинг М ДООЕЛ Штип кон матичното друштво Европа ДООЕЛ Штип. Присоединувањето ќе се направи по пат на универзален пренос на целиот имот и обврски на ДООЕЛ Макмонтинг М Штип кон ДООЕЛ Европа Штип, по нивната сметководствена вредност на пресечниот датум 29 декември 2017 год. По завршувањето на постапката за присоединување, Макмонтинг М ДООЕЛ Штип престанува да постои како правен субјект, без постапка на ликвидација.
Деловните активности на Макмонтинг М ДООЕЛ Штип продолжуваат во неограничен континуитет во рамките на матичното друштво Европа ДООЕЛ Штип, што нема да има влијание врз заинтересираните страни на Макмонтинг М ДООЕЛ, Штип, како последица на присоединувањето. Според проценката на Раководството, примената на претпоставката за неограничен континуитет при подготовката на овие финансиски извештаи е соодветна бидејќи тоа ја одразува суштината на ситуацијата и начинот на кој идните економски користи поврзани со средствата ќе се влеат во матичното друштво Европа ДООЕЛ Штип, и на кој начин сегашните обврски ќе се подмират.
Како што е објавено во Белешката 39.2 кон придружните финансиски извештаи, против друштвото ДООЕЛ Европа Штип во 2016 година е покренат судски спор за надомест на штата поради раскинување на договор во износ од 20.095 илјади ден. На датумот на овие финансиски извештаи не се евидентирани било какви резервирања од потенцијални загуби по основ на судскиот спор. Раководството смета дека судскиот спор е покренат врз основа на несоодветни судски докази и тужбеното барање е оспорено како неосновано. Имено, фактички не е предизвикана штета затоа што не е пропишана одговорност при евентуално раскинување на договорот, а договорот врз основа на кој тужителот започнал судски процес истекол во 2014 година и не може да претставува основ за надомест на штета.

Нашето мислење не е модификувано во однос на гореспоменатите прашања.

**Останати прашања**

Консолидираните финансиски извештаи на Групасијата со состојба на и за годината што завршува на 31декември 2016 година се ревидирани од страна на друг ревизор кој во својот извештај од 30 мај 2017 година изразил мислење со резерва.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Менаџментот на Групацијата е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 352, член 384 и член 477 од Законот за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија бр.28/2004...,61/2016). Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија (Службен весник на Република Македонија бр.158/2010 и 23/2016) е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2017 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со консолидиранта годишна сметка и консолидираните ревидирани финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работа е конзистентен од сите материјални аспекти со консолидиранта годишна сметка и консолидираните ревидирани финансиски извештаи на ГРУПАЦИЈАТА МАКПРОМЕТ АД –Штип за годината која завршува на 31 декември 2017 година.

Прилеп, 12 јуни .2018 година

ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА
ДОО П р и л е п
У п р а в и т е л

Овластен ревизор

____________________

Пецко Ристески

Овластен ревизор

____________________

Пецко Ристески

**Финансиски извештаи за годината завршена на 31.12.2017 во согласност со барањата на сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија за ГРУПАЦИЈАТА МАКПРОМЕТ АД ШТИП**

**Консолидиран Извештај за финансиската состојба**
**Консолидиран Извештај на сеопфатна добивка**
**Консолидиран Извештај на паричниот тек**
**Консолидиран Извештај за промените во главнината**

Овие финансиски извештаи се потпишани на 01.03.2018 год. од извршниот директор Пиха Стерјова

# КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
## НА МАКПРОМЕТ АД Штип

на 31 декември 2017 година

| | Белешки | 31 декември 2017 во (000) МКД | 31 декември 2016 во (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 28 | 1 934 | 2 845 |
| Материјални средства | 29 | 184 072 | 171 092 |
| Вложувања во недвижности | | | |
| Долгорочни финансиски средства | 30 | 53 064 | |
| **Вкупно нетековни средства** | | **239 070** | **173 937** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 31 | 62 356 | 58 173 |
| Побарувања од поврзани друштва | | | |
| Побарувања од купувачи | 32 | 187 274 | 194 673 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | | | |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акциза и за останати давачки кон државата (претплати) | 32 | 4 037 | 3 989 |
| Побарувања од вработените | 32 | 848 | 959 |
| Останати краткорочни побарувања | 32 | 482 | 219 |
| Краткорочни финансиски средства | 32 | 37 490 | 141 119 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 33 | 10 146 | 55 811 |
| Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР) | 32 | 9 678 | 5 255 |
| **Вкупно тековни средства** | | **312 311** | **460 198** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **551 381** | **634 135** |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Главнина и резерви** | 34 | | |
| Основна главнина | | 186 987 | 186 940 |
| Ревалоризациска резерва | | 152 | 321 |
| Резерви | | 140 | 140 |
| Акумулирана добивка | | 50 729 | 50 492 |
| Останати резерви | | | |
| Пренесена загуба (-) | | | |
| Добивка/Загуба за деловната година | | 10 730 | 20 325 |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **248 738** | **258 218** |
| **Долгорочни резервирања за ризици и трошоци** | | | - |
| **Долгорочни обврски** | 35 | **51 526** | **65 154** |
| **Одложени даночни обврски** | | | - |
| **Тековни обврски** | 36 | | |
| Обврски спрема поврзани друштва | | | |
| Обврски спрема добавувачи | | 94 361 | 102 015 |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | | 56 985 | 56 208 |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и надомести на плата | | 1 744 | 1 367 |
| Обврски кон вработените | | 3 327 | 2 399 |
| Тековни даночни обврски | | 325 | 1 814 |
| Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва | | | |
| Обврски по заеми и кредити | | 84 318 | 137 336 |
| Обврски по основ на учество во резултатот | | | |
| Останати финансиски обврски | | | |
| Останати краткорочни обврски | | | |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди | | 10 057 | 9 624 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **251 117** | **310 763** |
| **Вкупно обврски** | | **302 643** | **375 917** |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **551 381** | **634 135** |

Одборот на директори на ден 01.03.2018 год. ги одобри овие консолидирани финансиски извештаи за објавување и му ги предложи на Собранието на акционери за усвојување

Извршен директор

Пиха Стерјова

# КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА И ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
## НА МАКПРОМЕТ АД Штип
на 31 декември 2017 година

| | Белешки | 31 декември 2017 во (000) МКД | 31 декември 2016 во (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Приходи од работењето** | | **378 021** | **352 259** |
| Приходи од продажба | 9 | 365 126 | 342 237 |
| Останати приходи | 10 | 12 895 | 10 022 |
| **Промена на вредноста на залихи на готови производи и на недовршено производство** | **11** | **(189)** | **456** |
| Капитализирано сопствено производство и услуги | | | |
| **Расходи од работењето** | | **359 483** | **321 813** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 12 | 168 212 | 163 401 |
| Набавна вредност на продадени стоки | 13 | 25 052 | 20 614 |
| Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 14 | 1 899 | 1 710 |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 15 | 30 325 | 27 322 |
| Останати трошоци од работењето | 16 | 28 722 | 25 801 |
| Трошоци за вработените | 17 | 67 264 | 53 524 |
| Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 18 | 12 519 | 13 299 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 19 | 4 477 | 6 170 |
| Резервирања за трошоци и ризици | | | |
| Останати расходи од работењето | 20 | 21 013 | 9 972 |
| **Финансиски приходи** | **21** | **2 782** | **1 970** |
| **Финансиски расходи** | **22** | **8 650** | **10 824** |
| **Удел во загубата/добивката на придружените друштва** | | | - |
| **Добивка/Загуба од редовното работење** | **23** | **12 481** | **22 048** |
| Нето добивка/загуба од прекинати работења | | | - |
| **Добивка/Загуба пред оданочување** | **23** | **12 481** | **22 048** |
| Данок на добивка | 24 | 1 751 | 1 723 |
| Одложени даночни приходи/расходи | | | - |
| **Нето добивка/загуба за деловната година** | **25** | **10 730** | **20 325** |
| Останата сеопфатна добивка | | | |
| Останата сеопфатна загуба | | | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка (загуба) за годината** | **26** | **10 730** | **20 325** |
| Сеопфатна добивка (загуба) којашто им припаѓа на имателите на акции | 26 | **10 730** | **11 065** |
| Заработувачка по акција(денари по акција) | 27 | 179 | 339 |

# КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ НА МАКПРОМЕТ АД Штип

на 31 декември 2017 година

| | 31 декември 2017 во (000) МКД | 31 декември2016 во (000) МКД |
|---|---|---|
| **I. Готовински тек од оперативни активности** | | |
| **Нето добивка/загуба по оданочување** | **10 730** | **20 325** |
| **Амортизација на основни средства** | **12 519** | **13 299** |
| **Зголемување/намалување на тековните средства** | | |
| Залихи | (4 183) | 5 451 |
| Побарувања од поврзани друштва | - | - |
| Побарувања од купувачи | 7 399 | (8 115) |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | - | - |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | (48) | (2 653) |
| Побарувања од вработените | 111 | 1 775 |
| Останати краткорочни побарувања | (263) | (169) |
| Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР) | (4 423) | (2 986) |
| | **(1 407)** | **(6 697)** |
| **Зголемување/намалување на тековни обврски** | | |
| Обврски спрема поврзани друштва | - | - |
| Обврски спрема добавувачи | (7 654) | (45 814) |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | 777 | 32 777 |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плата | 377 | (640) |
| Обврски кон вработените | 928 | (2 964) |
| Тековни даночни обврски | (1 489) | (3 561) |
| Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва | - | - |
| Обврски по заеми и кредити | (53 018) | 12 317 |
| Обврски по основ на учество во резултатот | - | - |
| Останати финансиски обврски | - | - |
| Останати краткорочни обврски | - | - |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди (ПВР) | 433 | (2) |
| | **(59 646)** | **(7 887)** |
| **Вкупно нето готовина од оперативни активности** | **(37 804)** | **19 040** |
| **II. Готовински тек од инвестициски активности** | | |
| Нематеријални средства | 911 | 800 |
| Материјални средства | (25 499) | (15 694) |
| Вложувања во недвижности | - | - |
| Долгорочни финансиски средства | (53 064) | - |
| Краткорочни финансиски средства | 103 629 | (1 290) |
| **Вкупно нето готовина од инвестициски активности** | **25 977** | **(16 184)** |
| **III. Готовински тек од финансиски активности** | | |
| Главнина и резерви | (20 210) | 1 |
| Долгорочни резервирања за ризици и трошоци | - | - |
| Долгорочни обврски | (13 628) | 13 577 |
| Одложени даночни обврски | - | - |
| **Вкупно нето готовина од финансиски активности** | **(33 838)** | **13 578** |
| **Вкупно нето пораст/намалување на готовината** | **(45 665)** | **16 434** |
| **Готовина на почетокот од годината** | **55 811** | **39 377** |
| **Готовина на крајот од годината** | **10 146** | **55 811** |

# КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА НА МАКПРОМЕТ АД Штип

на 31 декември 2017 година

| ОПИС | Состојба на 31 декември 2016 година (во 000 МКД) | Зголемување (во 000 МКД) | Намалување (во 000 МКД) | Состојба на 31 декември 2017 година (во 000 МКД) |
|---|---|---|---|---|
| Основна главнина | 186 940 | 47 | - | 186 987 |
| Ревалоризациона резерва | 321 | - | (169) | 152 |
| Резерви | 140 | - | - | 140 |
| Акумулирана добивка | 50 492 | 9 805 | | 50 729 |
| Пренесена загуба | - | - | - | - |
| Исплатени дивиденди | - | | | - |
| Задржан данок | | | | |
| Добивка / Загуба за финансиската година | 20 325 | 19 741 | (20 325) | 10 730 |
| **Вкупно главнина и резерви** | **258 218** | **29 546** | **(20 325)** | **248 738** |

Белешките се составен дел на финансиските извештаи.